# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

ул.„7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: mak_brod@yahoo.com
www.mbrod.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

| | |
|---|---|
| **Службен гласник** | **18.04.2022 година** |
| **Општина Македонски Брод** | **Македонски Брод** |
| **Излегува по потреба** | **Број 4 – 2022 год.** |

АПРИЛ 2022

Врз основа на член 36 став1 точка2 од Законот за локална самоуправа(Сл.Весник бр.5/2002),а во врска со член 34 од Законот за буџетите(Сл.Весник на РМ 64/05,4/08,103/08,156/09,95/10,180/11,171/12,192/15 и 167/16)Советот на Општина Македонски Брод на 8-та седница одржана на 15.04.2022 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

За проширување на средствата на Буџетот на **Општина Македонски Брод**
За **2022** година

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на **Општина Македонски Брод** за 2022 година, на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| **Се зголемуваат приходите на следните потаставки :** | | | | | |
| 741114 | Пренесен вишок на Приходи од претходната година | 0 | 4.124.324 | 0 | 0 |
| 742114 | Приходи од европската унија | 0 | 0 | 1.567.082 | 0 |
| | | **0** | **4.124.324** | **1.567.082** | **0** |
| **и се распредуваат на следните расходни потаставки :** | | | | | |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 420220 | Патување во странство - патни расходи | 0 | 0 | 670.600 | 0 |
| 420230 | Патување во странство - сместување | 0 | 0 | 828.832 | 0 |
| 421130 | Ѓубретарина | 0 | 50.000 | 0 | 0 |
| 421220 | Дрва | 0 | 100.000 | 0 | 0 |
| 421410 | Горива и масла (моторни возила) | 0 | 100.000 | 0 | 0 |
| 423110 | Канцелариски материјали | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 423310 | Униформи | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 423610 | Наставно-образовни помагала | 0 | 50.000 | 0 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 100.000 | 0 | 0 |
| 425760 | Превозни услуги во образованието | 0 | 200.000 | 0 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 0 | 67.650 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | 0 | 50.000 | 0 | 0 |
| 482910 | Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на други објекти | 0 | 100.000 | 0 | 0 |
| 482920 | Изградба на други објекти | 0 | 3.284.324 | 0 | 0 |
| 483110 | Купување на канцелариски мебел | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 483120 | Купување на училишен мебел | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 483190 | Купување на друг мебел | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| | | **0** | **4.124.324** | **1.567.082** | **0** |

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Македонски Брод и станува составен дел на Буџетот на општината за 2022 година.

**Бр. 18 - 346/3**
**15.04.2022 година**

Претседател на Советот на Општината
**Ивица Аврамоски** с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за проширување на средствата од Буџетот на Општина Македонски Брод за 2022 година

Се објавува Одлука за проширување на средствата од Буџетот на Општина Македонски Брод за 2022 година, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 8 - та седница одржана на ден 15.04.2022 година.

Бр. 08 - 346/13
18.04.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 22, став 1 и точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 15, став 1, точка 4 од Статутот на Општина Македонски Брод, Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 15.04.2022 година ја донесе следната:

# Измена и дополна на Програмата
# за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Македонски Брод за 2022 година

Член 1

Со оваа Измена и дополна на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Македонски Брод за 2022 година, со број 18-750/13 од 29.11.2021 година, се врши следната измена, дополна и проширување:

Во точка 2. АКТИВНОСТИ во потточка 3. Изградба-модернизација и реконструкција на улици, Програмата се дополнува со нови потточки 3.7, и 3.8, кои гласат:

3.7. Изградба на тротоари на крак од ул.„Маршал Тито“ до градски пазар - крак 3 и

3.8. Изградба на пешачка патека од булевар „Маршал Тито“ до новоизградена улица - крак од ул.„ Маршал Тито“ (непосредно до маркет Ѓерман во центарот на градот).

Член 2

Оваа Измена и дополна на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Македонски Брод за 2022 година влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр. 18 - 346/4
15.04.2022 година

Општина Македонски Брод
Претседател на Совет,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Измена и дополна на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Македонски Брод за 2022 година

Се објавува Измена и дополна на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Македонски Брод за 2022 година, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 8 - та седница одржана на ден 15.04.2022 година.

Бр. 08 - 346/13
18.04.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 84 од Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ бр. 16/19), член 20-б став 1 алинеа 3 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18, „Службен весник на РСМ“ бр.143/19 и 14/2020), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 21 точка 42 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на Општина Македонски Брод на 8 - та седница одржана на ден 15.04.2022 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

за давање на согласност на Годишниот план за вработување во ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод за 2023 година

Член 1

Се дава согласност на Годишниот план за вработување во ООУ „Св.Климент Охридски“ - Македонски Брод за 2023 година, со арх.бр 04-170/1 од 31.03.2022 година, донесен од Директорот на ООУ „Св.Климент Охридски“ - Македонски Брод.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Број 18 - 346/5
15.04.2022 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за давање на согласност на Годишниот план за вработување во ООУ „Св.Климент Охридски“ - Македонски Брод за 2023 година

Се објавува Одлука за давање на согласност на Годишниот план за вработување во ООУ „Св.Климент Охридски“ - Македонски Брод за 2023 година, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 8 - та седница одржана на ден 15.04.2022 година.

бр. 08 - 346/13
18.04.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1, 10 и 15, а во врска со член 22 став 1 точка 9 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/2002), член 46 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 - пречистен текст), Советот на Општина Македонски Брод на 8 - та седница одржана на ден 15.04.2022 година, го донесе следниов:

# П Р А В И Л Н И К
## за начинот и постапката за утврдување и исплата на материјална и нематеријална штета предизвикана од каснување на кучиња скитници

1. Со овој Правилник се утврдува начинот и постапката за утврдување ии сплата на материјална и нематеријална штета предизвикана од каснување на кучиња скитници.

2. Оштетениот од каснување на куче скитник за остварување на надомест за материјална и нематеријална штета настанот треба да го пријави во Општина Македонски Брод најкасно во рок од 30 дена од настанот, писмено на пропишан образец ко јзадолжително содржи: име и презиме на оштетениот, адреса со место на живеење, телефон за контакт, опис на настанот, предложени сведоци со податоци за истите, проценета материјална и нематеријална штета и прилози.

3. Кон барањето задолжително треба да ги приложи следниве документи во спротивно истото ќе се смета за некомплетно:

1. Копија од лична карта (за малолетник од еден од родителите)
2. Потврда од МВР за документирање на настанот;
3. Медицински наод и мислење;
4. Фискални сметки од трошоците направени во врска со настанот;
5. Фотографии од местото на каснување;
6. Копија од трансакциска сметка;
7. Останати документи.

4. Од страна на Градоначалникот се формира Комисија за утврдување на веродостојноста на наводите содржани во барањето.

Комисијата го разгледува барањето, прилозите и изготвува Записник со предлог за склучување/не склучување на спогодба за надомест на штета.

Предлог спогодбата се доставува до Советот на Општина Македонски Брод кој донесува заклучок за склучување на спогодба и го овластува Градоначалникот да ја потпише спогодбата.

5.Доколку е се во ред со барањето во смисла на неговата комплетност и неспорност на фактите содржани во него од страна на Општина Македонски Брод материјалната и нематеријалната штета се проценува во зависност од видот и начинот и бројот на каснувања, претрпениот страв и болка, возраста на оштетениот, последиците од настанот по телото и психата на оштетениот, евентуална нагрденост на оштетениот и други настани и факти кои би можеле да влијаат на висината на штетата при што се овластува Градоначалникот на Општина Македонски Брод до оштетениот да поднесе понуда за оштета, која не може да биде повисока од 30.000,00 денари.

6. Оштетениот е должен по понудата за оштета да се изјасни во рок од 7 дена од доставување на понудата, во спротивно се откажува од правото на оштета за што посебно се предупредува.

7. Во зависност од договорот со оштетениот штетата се исплатува наеднаш или на рати на трансакциска сметка приложена од оштетениот.

8. Со склучување на спогодба за обештетување, оштетениот се откажува од правото да ја бара оштетата по судски или друг административен пат од Општина Македонски Брод за што оштетениот дава Изјава пред службите на Општината.

9. Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр. 18 - 346/6
15.04.2022 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Правилник за начинот и постапката за утврдување и исплата на материјална и нематеријална штета предизвикана од каснување на кучиња скитници

Се објавува Правилник за начинот и постапката за утврдување и исплата на материјална и нематеријална штета предизвикана од каснување на кучиња скитници, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 8 - та седница одржана на ден 15.04.2022 година.

Бр. 08 - 346/13
18.04.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.04/2017), по доставено барање бр. 18-358/1 од 12.04.2022 година од ЈКП „Комунална хигиена“, Советот на Општина Македонски Брод на 8 - та седница одржана на 15.04.2022 година, го донесе следниот:

# З А К Л У Ч О К

за задолжување на Сектор за комунални дејности, ЛЕР, урбанизам и заштита на животната средина за отпочнување на постапка за урбанизација на градски гробишта во Македонски Брод

Член 1

Со овој Заклучок се задолжува Секторот за комунални дејности, ЛЕР, урбанизам и заштита на животната средина за отпочнување на постапка за изготвување на УП со кој ќе се определи градежно земјиште наменето за градски гробишта во Македонски Брод

Член 2

Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр. 18 - 346/7
15.04.2022 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучок за задолжување на Сектор за комунални дејности, ЛЕР, урбанизам и заштита на животната средина за отпочнување на постапка за урбанизација на градски гробишта во Македонски Брод

Се објавува Заклучок за задолжување на Сектор за комунални дејности, ЛЕР, урбанизам и заштита на животната средина за отпочнување на постапка за урбанизација на градски гробишта во Македонски Брод, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 8 - та седница одржана на ден 15.04.2022 година.

Бр. 08 - 346/13
18.04.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр. 04/2017), Советот на Општина Македонски Брод на 8 - та седница одржана на 15.04.2022 година, го донесе следниот:

# З А К Л У Ч О К

за давање овластување за поднесување барање до ЕВН Македонија

Член 1

Со овој Заклучок, се овластува/задолжува Градоначалникот на Општина Македонски Брод да поднесе барање до ЕВН Македонија за поставување на мобилни автомати за плаќање на сметки за потрошена електрична енергија на територија на Општина Македонски Брод.

Член 2

Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр. 18 - 346/8 Совет на Општина Македонски Брод
15.04.2022 година Претседател,
Македонски Брод Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучок за давање овластување за поднесување барање до ЕВН Македонија

Се објавува Заклучок за давање овластување за поднесување барање до ЕВН Македонија, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 8 - та седница одржана на ден 15.04.2022 година.

Бр. 08 - 346/13
18.04.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03 ... 4/17 пречистен текст), а согласно член 32 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2022 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.13/20) и Правилникот за утврдување на критериуми за доделување на парична помош за утврдени категории на лица донесен од страна на Совет на Општина Македонски Брод по доставени барања од физички лица, Советот на Општина Македонски Брод на 8 - та седница одржана на ден 15.04.2022 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барање од УСК при ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод

1.Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 15.04.2022 година донесе решение за одобрување на финансиски средства за обезбедување храна (70 сендвичи со пилешко месо) за учесниците на Регионално првенство за деца со посебни потреби и ментори од Струга, Охрид, Прилеп, Кавадарци и Македонски Брод.

2.Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Македонски Брод да го изврши наведеното решение согласно расположливите средства.

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр. 18 - 346/ 9
15.04.2022 година

Совет на Општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од УСК при ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод

Се објавува Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од УСК при ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 8 - та седница одржана на ден 15.04.2022 година.

Бр. 08 - 346/13
18.04.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03 ... 4/17 - пречистен текст), а согласно член 32 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2022 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.13/20) и Правилникот за утврдување на критериуми за доделување на парична помош за утврдени категории на лица донесен од страна на Совет на Општина Македонски Брод по доставени барања од физички лица, Советот на Општина Македонски Брод на 8 - та седница одржана на ден 15.04.2022 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица

1.Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 15.04.2022 година донесе решение за одобрување на еднократен надоместок и тоа како следи на:

- Добрица Видеска и се одобрува еднократен надоместок во износ од 6.000,00 денари.

2.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Македонски Брод за 2022 година, програма АО Совет на Општина Македонски Брод, ставка 464, подставка 464 990 други трансфери.

3.Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Македонски Брод да го изврши наведеното решение согласно расположливите средства.

4.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр. 18 - 346/ 10
15.04.2022 година

Совет на Општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица

Се објавува Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица за Добрица Видеска, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 8 - та седница одржана на ден 15.04.2022 година.

Бр. 08 - 346/13
18.04.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03 ... 4/17 - пречистен текст), а согласно член 32 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2022 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.13/20) и Правилникот за утврдување на критериуми за доделување на парична помош за утврдени категории на лица донесен од страна на Совет на Општина Македонски Брод по доставени барања од физички лица, Советот на Општина Македонски Брод на 8 - та седница одржана на ден 15.04.2022 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица

1.Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 15.04.2022 година донесе решение за одобрување на еднократен надоместок и тоа како следи на:

- Мимоза Мицкоска и се одобрува еднократен надоместок во износ од 6.000,00 денари.

2.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Македонски Брод за 2022 година, програма АО Совет на Општина Македонски Брод, ставка 464, подставка 464 990 други трансфери.

3.Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Македонски Брод да го изврши наведеното решение согласно расположливите средства.

4.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр. 18 - 346/ 11
15.04.2022 година

Совет на Општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица

Се објавува Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица за Мимоза Мицкоска, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 8 - та седница одржана на ден 15.04.2022 година.

Бр. 08 - 346/13
18.04.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.04/2017), Советот на Општина Македонски Брод на 8 - та седница одржана на 15.04.2022 година, го донесе следниот:

# З А К Л У Ч О К

Член 1

Се прифаќа Барањето поднесено од вработени во Агенцијата за финансиска подршка на земјоделието за отпочнување на постапка за отворање на канцеларија на територија на Општина Македонски Брод со арх.бр 18-371/1 од 15.04.2022 година.

Општина Македонски Брод е во можност да обезбеди деловна просторија во општинска зграда, соодветна на вашите потреби.

Член 2

Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр. 18 - 346/12<br>15.04.2022 година<br>Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод<br>Претседател,<br>Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучок по барање од вработени во Агенција за финансиска подршка на земјоделието

Се објавува Заклучок по барање од вработени во Агенцијата за финансиска подршка на земјоделието, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 8 - та седница одржана на ден 15.04.2022 година.

Бр. 08 - 346/13
18.04.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

**Службен гласник број 4 од 18.04.2022 година на Совет на Општина Македонски Брод**

# С О Д Р Ж И Н А

Одлука за проширување на средствата од Буџетот на Општина Македонски Брод за 2022 година ........................................................................................................ стр. 2

Заклучок за објавување на Одлука за проширување на средствата од Буџетот на Општина Македонски Брод за 2022 година ......................................................................... стр. 3

Измена и дополна на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Македонски Брод за 2022 година .................. стр. 4

Заклучок за објавување на Измена и дополна на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Македонски Брод за 2022 година ...........,............................................................................ стр. 5

Одлука за давање на согласност на Годишниот план за вработување во ООУ „Св.Климент Охридски“ - Македонски Брод за 2023 година ............................................ стр. 6

Заклучок за објавување на Одлука за давање на согласност на Годишниот план за вработување во ООУ „Св.Климент Охридски“ - Македонски Брод за 2023 година ........ стр. 7

Правилник за начинот и постапката за утврдување и исплата на материјална и нематеријална штета предизвикана од каснување на кучиња скитници ......................... стр. 8

Заклучок за објавување на Правилник за начинот и постапката за утврдување и исплата на материјална и нематеријална штета предизвикана од каснување на кучиња скитници .................................................................................................................. стр. 10

Заклучок за задолжување на Сектор за комунални дејности, ЛЕР, урбанизам и заштита на животната средина за отпочнување на постапка за урбанизација на градски гробишта во Македонски Брод ........................................................................................ стр. 11

Заклучок за објавување на Заклучок за задолжување на Сектор за комунални дејности, ЛЕР, урбанизам и заштита на животната средина за отпочнување на постапка за урбанизација на градски гробишта во Македонски Брод ............................................... стр. 12

Заклучок за давање овластување за поднесување барање до ЕВН Македонија ............................................................................................................................... стр. 13

Заклучок за објавување на Заклучок за давање овластување за поднесување барање до ЕВН Македонија ....................................................................................................... стр. 14

Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од УСК при ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод ................................................................................................................................. стр. 15

Заклучок за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од УСК при ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод ............................................................... стр. 16

Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица ................................................... стр. 17

Заклучок за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица ........................................................................................................................ стр. 18

Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица ................................................... стр. 19

Заклучок за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица ........................................................................................................................ стр. 20

Заклучок по барање од вработени во Агенција за финансиска подршка на земјоделието .............................................................................................................. стр. 21

Заклучок за објавување на Заклучок по барање од вработени во Агенција за финансиска подршка на земјоделието .................................................................... стр. 22